ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
03-2812
02.03. 2026 год.
СКОПЈЕ 2

ГОДИШЕН КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Годишниот календар на активности за обезбедување и унапредување на квалитетот претставува инструмент за систематско планирање, следење, евалуација и континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот на Европски Универзитет Скопје.

Со календарот се утврдува динамиката на спроведување на клучните активности насочени кон обезбедување и унапредување на квалитетот во наставниот процес, научно-истражувачката дејност и административното работење на Европски Универзитет Скопје.

Активностите предвидени во календарот се реализираат во текот на календарската година и се преземаат квартално, а се спроведуваат од страна на Комисијата за обезбедување на квалитетот, во соработка со единиците на Универзитетот и надлежните органи на Универзитетот.

Планирањето и реализацијата на активностите се засноваат на принципите на континуирано подобрување на квалитетот и се усогласени со интерните акти на Универзитетот, како и со европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование.

Квартал	Период	Фаза на квалитет	Активности	Надлежен орган
I квартал	Јануари - Март	Планирање	Анализа на реализираните активности од претходната година и донесување годишен план за активности за обезбедување и унапредување на квалитетот	Комисија за обезбедување на квалитет
II квартал	Април - Јуни	Спроведување	Следење на примената на политиките и процедурите за квалитет и следење на реализацијата на наставниот и административниот процес	Комисија за обезбедување на квалитет

III квартал	Јули - Септември	Проверка	Анализа на функционирањето на системот за обезбедување квалитет и разгледување иницијативи за унапредување на студиските програми и институционалните процеси	Комисија за обезбедување на квалитет
IV квартал	Октомври - Декември	Подобрување	Подготовка на извештај за спроведените активности и предлагање мерки и активности за подобрување на квалитетот за наредната година	Комисија за обезбедување на квалитет

02.03.2026 год.

Претседател на Комисија

за обезбедување на квалитет

Проф. д-р Соња Вујасин